| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Дарови на природата |
| **Содржина на денот** | Мојата маска |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Емилија Стојкова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за оддржување на здрави и безбедни навики во домот, градинката и пошироката општествена средина. |
| **Активност** | Кашираењето е техника на моделирање со нанесување на хартија, слој по слој до посакуваната форма .Старите весници кои претходно ќе ги рециклирате, потоа можете да ги користите во оваа техника. Се што ви е потребно за изработка на каширани маски:<br>-балон;<br>-стари весници;<br>- лепило (лепило за тапети, дрвофикс или лепило кое ќе го подготвите сами со вода и брашно);<br>-темперни бои, ткаенини, разен декоративен и креативен материјал;<br>Со малку фантазија ќе направите маска каква што ќе посака Вашето дете, а најважно од се таа ќе биде уникатна и еднинствена.<br>Најпрво надувајте еден балон. Потоа дајте му на детето да ги цепе старите весници на долги ленти (немора да бидат идентични и исти по форма и должина). Најдобро е да направите лепак од брашно и вода, затоа што не е штетен за децата и лесно се работи со него.<br>*Рецепт за лепак од брашно и вода.<br>Ставете 200 гр. вода да зоврие. Во една чаша со малку ладна вода растворете околу 150 грама брашно и таа хомогена смеса ставете ја во зовриената вода. Одвреме навреме промешувајте додека не добиете смеса која наликува на пудинг. Сместа треба да се олади. |

| | |
|---|---|
| | Потоа почнете со постапката. Објаснете му на детето дека исцепканите весници треба да ги намачка со лепак (може да работи само со раце) и да ги става постепено, слој по слој врз надуваниот балон.<br>Откако ќе стави четири до пет слоја од исцепканите весници намачкани со лепак, балонот се остава да се суши на собна температура. Сушењето може да трае од два до три дена во зависност од слоевите кои се постепено нанасувани врз балонот.<br>Откако ќе се исуши се добива доста тврд предмет кој се сече на половина. Се сечат отвори за очите и устата со скалпер. Најпрво површината од маската се бои со бела темперна боја, со цел да се покрие печатот од весниковата хартија.Потоа детето нека ја обои маската според тоа што треба да претставува. Во фотографиите можете да забележите каширана маска на зајак, маче, фараон итн.<br>Сите испакнати површини кои сакате да ги добиете како уста, нос, уши, можете да го направите со тоалетна хартија и лепак и притоа тоа добро да ги обликувате. Во зависност од тоа каква ќе биде маската можете да ја декорирате со декоративен материјал или текстил.<br>Со оваа техника можете да изработите и други предмети кои се долготрајни, а најважно од сé е дека децата можат директно да се вклучат во изработката.<br>Во следните линкови можете да погледнете изработка на каширана вазна.<br>https://youtu.be/wSSApHknYFw<br>https://youtu.be/FaTbUqyKDGg |